# „Изградба на локален пат од село Погулево до село Дамјан во должина од 1927,81 метри“





**Вкупен Буџет: 9.453.527,52 денари**

**Времетраење: 6 месеци**

Добрата патна инфраструктура е основа за поврзување, комуникација и развој на економијата помеѓу населени места и помеѓу општините во регионот. Затоа општините од Југоистокот постојано се стремат кон осовременување на патната инфраструктура која е значаен фактор за рамномерниот развој. Преку изградбата на овој патен правец покрај поврзувањето со село Погулево, селото Дамјан ќе биде поврзано и со селото Дедино, општина Конче, бидејќи веќе има изградено асфалтиран пат помеѓу Дедино и Погулево, а преку селото Горни Липовиќ- село Рич се поврзува и со општина Василево и општина Струмица. Реализацијата на овој проект директно ќе влијае врз подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од трите општини Радовиш, Конче и Василево како и за сите граѓани кои патуваат кон било кое населено место во регионот. Дополнително, поголем број од работоспособното население од општина Радовиш се занива со земјоделство. За да стигнат до своите парцели, земјоделците овој локален пат го поминуваат со тешкотии најмалку два пати дневно. СО одлед на тоа што подобрувањето на квалитетот на транспортната инфрструктура е суштинско за зголемување на локалниот економски развој, овој проект ќе има позитивно влијание врз локалниот развој на подолг временски период. Изградбата на локалниот пат од с. Дамјан до с.Погулево ќе биде од голема важност за граѓаните од овие населени места, бидејќи ќе се оствари поголема соработка помеѓу трите општини, како и подобрување на локалниот економски и рурален туризам.

## Краток преглед на проектот:

### Имплементатор:

Центар за развој на
Југоисточен плански регион

### Партнери:

- Општина Радовиш
- Општина Василево
- Општина Конче

### Финансиран од:

-Биро за регионален развој
-Општина Радовиш




**Контакт :** Јован Коцев
Бул. Маршал Тито, бр.1-1
2400 Струмица
Моб:071/221-142
Тел: 034/340-139

**E-mail:** jovan.kocev@rdc.mk


ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН



### Цели на проектот

- Подобрување на локална инфраструктура во Југоисточниот плански регион
- Изградба на дел од локален пат во должина од 1927,81 метри со која ќе се подобри поврзаноста на општините Радовиш, Конче и Василево

### Резултати од проектот

- Изградба на локалниот патен правец во должина од 1927,81 метри
- Зголемување на просечниот годишен дневен сообраќај на делницата с.Дамјан – с. Погулево
- Зголемен број на земјоделци кои ќе го користат патот за подобар пристап